# All about training.com.au
# Се за training.com.au

Training.com.au овозможува од едно место да се добие пристап до најразновидни информации за стручно образование, обука, производи и услуги во Австралија.

Порталот беше изработен со соработка меѓу органите за обука во државите и териториите и Австралискиот национален орган за обука (Australian National Training Authority). Тој овозможува пристап до многу разновидни места на интернет и услуги.

## Им помагаме на бизнисите

Обуката може да има поволно влијание на вашиот бизнис. Таа може да го подобри учинокот на персоналот и да има значително влијание врз работењето на вашиот бизнис.

Training.com.au им олеснува на работодателите да дознаат се што треба да знаат за вложувањето во стручно образование и обука.

Делот на порталот наменет за бизнисите и работодателите вклучува информации како што се:

- користите од обуката и подобрувањето на вештините и способностите на персоналот
- оценувањето на потребите на вашиот бизнис и персонал од обука
- финансирањето што го нудат сојузната влада и владите на државите и териториите
- како да се одбере вистинската обука
- како да се изведе обуката на вработените
- цените на обуката и обврските.

Тој содржи информации за курсевите што се нудат, начинот на нивното спроведување и проучување на поединечни случаи.

Исто така ќе најдете помагала што може да се употребат за да им помогнат на менаџерите да изработат и прикажат силен бизнис случај за обука.

## Вработување на нови лица што го учат занаетот

New Apprenticeships е термин со кој се опфатени сите лица што го учат занаетот или добиваат обука.

Курсевите за New Apprenticeships ги осмислува индустријата за потребите на индустријата и тие може да се добијат за повеќе од 500 занимања ширум Австралија, од градежништвото до мултимедиумите.

Делот Apprenticeships and Traineeships на training.com.au претставува вовед за работодателите кои имаат вработено или се заинтересирани да вработат нови лица што го учат занаетот.

Информациите во овој дел вклучуваат:

- користи од вработувањето на ново лице што го учи занаетот
- како да се вработи ново лице што го учи занаетот
- финансирањето што може да се добие од сојузната влада и од владите на државите и териториите за работодателите што вработуваат нови лица што го учат занаетот
- трошоците и обврските на работодателот.

**Еластичност**
New Apprenticeships се еластични и пружаат широк избор на можности за обука. Тие нудат  можност за вработување со полно или делумно работно време. Тоа значи дека можете да ги пополните празнините во работниот распоред на персоналот за било кој временски период, од еден до неколку дена неделно.

## Помош за организациите што вршат обука

Регистрирана организација за вршење обука (Registered Training Organisation -RTO) е признаена организација што пружа квалитетни услуги за обука што ги задоволуваат националните стандарди.

Делот Training Organisations на training.com.au дава информации за постојните и идните регистрирани организации што вршат обука, како што се:

- користите од тоа да се стане регистрирана организација што врши обука
- како да се стане регистрирана организација што врши обука
- обврските и стандардите што мора да ги задоволува регистрираната организација што врши обука
- финансирањето што може да се добие од сојузната влада и владите на државите и териториите
- што е вклучено во работата на регистрираната организација што врши обука
- како да се задоволат потребите за обука на учениците.

**Испорачување на најдоброто**
Регистрираните организации што вршат обука се признаени дека испорачуваат најдобра обука и имаат право да го користат национално признаениот знак за обука на сите дипломи што ги издаваат. Тој знак е вредна алатка за реклама, која на прв поглед покажува дека обуката што ја вршите е со осигуран квалитет и признаена на национално ниво.

Учениците и бизнисите што ги вработуваат ќе бидат сигурни дека вештините и способностите што ќе ги стекнат се со висок квалитет и дека се признаени во целата земја.